**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-412/**

# З А П И С Н И К

**Од 242.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на ден 17.01.2024 година.**

**ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**
проф. д-р Смилка Јанеска Саркањац-Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Заменик претседател на Програмскиот совет на МРТ,Снежана Клинчарова**(скајп)**,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани**,**Илир Рамадани,Златко Јанковски**(скајп)**,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска **(скајп),** Ивана Трајковска**(скајп)** и Анита Латифи**(скајп)**.

**ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**
д-р Агим Лека.

**ДРУГИ ПРИСУТНИ:**
/

Седницата започна во 14.30 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа дневниот ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 241.седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ.

3. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на записникот од 241.седница на Програмски совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 241.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 241.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот советна МРТ по извршеното гласање едногласно **го усвои** записникот од 241.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

**ТОЧКА2:Разгледување и усвојување на Одлука за давање на согласност за именување на Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац по однос на оваа точка од дневниот ред достави на разгледување пред присутните членови на советот, финална ранг листа на интервјуирани кандидати, како и предлог-одлука за избор на прворангиран кандидат по Интерен оглас со бр.18/2023 објавен на 28.12.2023 година.
Од страна на Директорот на МРТ, а во врска со член 124 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и член 37 став 2 и 3 од Статутот на ЈРП МРТ, беше доставено на разгледување Барање за добивање согласност за именување на Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ.

Исто така од одржана седница на Уредништвото на МРТ беше доставено Мислење на Уредништвото за назначување на Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ.

По одржаната расправа, Барањето за добивање согласност за назначување на Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ да биде именуван Драган Николовски, беше ставено на гласање.

■**Барањето за добивање согласност за Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ да биде именуван Драган Николовски,** беше ставено на гласање:

- ЗА гласаа: **11** членови,
- ПРОТИВ гласаа: **0** членови,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **0** членови.

По спроведеното гласање се констатира дека Програмскиот совет на МРТ даде согласност за именување на Драган Николовски за Одговорен уредник на Трет програмски сервис на МТВ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка од дневниот ред беше разгледан допис пристигнат по пошта до Програмскиот совет на МРТ:
-Одлука од Комсија за избор на програмски содржини во МТВ со бр.02-216/1 од 09.01.2024 година.

По расправата по однос на оваа точка од дневниот ред беа предложени следниве **Заклучоци:**

● Информација до Програмскиот совет на МРТ, до каде е подготовката на Правилникот за решавање на конфликти меѓу јавниот и приватниот интерес при емитување на авторски дела во МРТ.
●Менаџментот на МРТ да изготви писмена информација (може и усмена) за успешно применетата нова технологија при снимањето на новогодишната програма и емитувањето во живо на европското првенство во ракомет.

-Кога ќе се стартува со Дневникот, има ли нова шпица и за кои други емисии ќе биде,исто така, употребена?
-Какви реперкусии по работењето на МРТ ќе имаат кусокот пари од државниот буџет?
-Дали МРТ ќе го тужи министертсвото по примерот на ААВМУ?

-По спроведеното гласање Заклучоците беа едногласно **усвоени** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 15.00 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател